Република Северна Македонија
НОТАР
СИМОНА НИКОЛИЌ
улица Народен фронт број 19 а, локал број 1, ДТЦ Беверли хилс
02.04.2026
(ден втори, месец април, година две илјади и дваесетишеста)
12.00(дванаесет часот)

ОДУ број 106/26
Извод

Јас, нотар СИМОНА НИКОЛИЌ од Скопје, со надлежност на подрачјето на Основните судови на град Скопје, потврдувам дека на 02.04.2026 година (ден втори, месец април, година две илјади и дваесетишеста) присуствував на Собрание на акционерите на Банката со почеток во 12.00 (дванаесет часот ) во просториите на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ со седиште на улица Народен фронт број 19 а ,и притоа согласно член 92 од Законот за нотаријатот, (Службен весник на РМ број 72/2016 и 142/2016 и неговите измени) и член 400-а од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ број 28/2004 и неговите измени) го составив следниот---------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**

Со седиште на улица Народен фронт 19 а во Скопје со ЕМБС број 6121110. Со увид во изводот од Акционерската книга за ИСИН MKTTKS101012 на ден 01.04.2026 година(ден први месец април ,година две илјади и дваесетишеста)-електронски запис, утврдив дека вкупната основна главнина на ТТК Банка АД СКОПЈЕ изнесува 1.033.173.000,00 МКД со број на издадени обични акции 1033173 сопственост на иматели на акции според акционерската книга.-----------------------------------------
Со увид во приложената документација утврдив дека собранието е свикано врз основа на донесена Одлука број 02-1638/22 од 27.02.2026 година за свикување на Собрание на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ, од страна на Надзорниот одбор на Банката, донесена на оддржаната седница на Надзорниот одбор на ден 27.02.2026 година (ден дваесетиседми,месец февруари,година две илјади и дваесетишеста). Собранието на акционери на Банката беше свикано со јавен повик за учество на собранието на акционери на Банката објавен во весникот Вечер двоброј сабота и недела , 28 февруари и 1 март 2026 година.--------------------------------------------------------------------------------
Согласно доставената и приложената документација во врска со чл 400-а од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ број 28/2004 и неговите измени) составен дел на овој записник е списокот на иматели на акции, нивни застапници или полномошници кои ги доставија своите гласови по пат на кореспонденција пред денот на одржување на Собранието, и списокот на иматели на акции, нивни застапници или полномошници кои беа присутни и гласаа на оваа седницата на Собранието на акционери------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За претседавач на ова собрание на акционерите беше предложен Томе Волкановски кој беше избран и едногласно изгласан за претседавач на ова собрание на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот Томе Волкановски констатира дека во законските рокови се задоволени сите услови за оддржување на ова собрание на акционерите, односно дека за истото гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции,и дека се присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции што од вкупно 1.033.173 обични акции претставува 74,11% и дека постои кворум за работа на собранието и за негово полноважно одлучување и дека во законските рокови од акционерите не е доставен предлог за измена или дополнување на дневниот ред за оваа седница --
Дневниот ред се состои од :------------------------------------------------------------------------------------------

**I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. Отворање на Собранието на акционери;
2. Избор на претседавач на Собранието на акционери;

**II.РАБОТЕН ДЕЛ:**

1. Усвојување на записникот од 46-тата седница на Собранието на акционери на Банката одржана на ден 02.09.2025 година ;

Претседавач Томе Волкановски ___ср______

2. Разгледување на годишниот извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2025 година и мислење по истиот од Надзорниот одбор, со Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот и Мислењето;
3. Разгледување на Финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2025 година ревидирани од Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје и Мислење за извештаите од Надзорниот одбор, со Предлог-одлука за усвојување на Извештаите и Мислењето;
4. Разгледување на Годишната сметка на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ за 2025 година со Предлог-одлука за усвојување;
5. Разгледување Предлог одлука за употреба и за распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2025 година
6. Разгледување Предлог-одлука за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со издавање акции од нова емисија од средства на Банката
7. Разгледување Предлог-одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година(дивиденден календар)
8. Разгледување Предлог-одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда(корпоративна обврзница)(четврта емисија на обврзници)
9. Разгледување Извештај и оцена на работата на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје во 2025 година со Предлог-одлука за усвојување
10. Разгледување Предлог-одлука за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје

1.Претседавачот Томе Волкановски за првата точка од дневниот ред- Усвојување на записникот од 46-тата седница на Собранието на акционери на Банката одржана на ден 02.09.2025 година констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на кореспонденција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови .-----------------------------

**Претседавачот констатираше дека ЗАПИСНИКОТ ОД 46-тата седница на СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА БАНКАТА ОДРЖАНО НА ДЕН 02.09.2025 ГОДИНА е полноправно усвоен од страна на имателите на акции.**------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2.Претседавачот Томе Волкановски за втората точка од дневниот ред- Разгледување на годишниот извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2025 година и мислење по истиот од Надзорниот одбор, со Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот и Мислењето констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на кореспонденција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови -------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатираше дека Годишниот извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2025 година и мислење по истиот од Надзорниот одбор е полноправно усвоен од страна на имателите на акции.**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

3.За третата точка од дневниот ред-Разгледување на Финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2025 година ревидирани од Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје и Мислење за извештаите од Надзорниот одбор, со Предлог-одлука за усвојување на Извештаите и Мислењето,претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување

Претседавач Томе Волкановски _____ср_______

на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови .---------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатираше дека Финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје во 2025 година ревидирани од Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје и Мислење за извештаите од Надзорниот одбор, е полноправно усвоено од страна на имателите на акции.-------------------------**

4.За четвртата точка од дневниот ред- Разгледување на Годишната сметка на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ за 2025 година со Предлог-одлука за усвојување претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови .--------------------------------------------

**Претседавачот констатираше дека Годишната сметка на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ за 2025 година со Предлог-одлука за усвојување е полноправно усвоено од страна на имателите на акции.----------**

5.За петата точка од дневниот ред- Разгледување Предлог одлука за употреба и распоредување на нераспределена добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2025 година претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови .---------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатираше дека Одлука за употреба и распоредување на нераспределена добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2025 година е полноправно усвоено од страна на имателите на акции.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

6.За шестата точка од дневниот ред- Разгледување Предлог-одлука за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со издавање на акции од нова емисија од средства на Банката претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови .---------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатираше дека Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со издавање на акции од нова емисија од средства на Банката е полноправно усвоено од страна на имателите на акции.---------------------------------------------------------------------------------------**

7.За седмата точка од дневниот ред- Разгледување Предлог-одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година(дивиденден календар) претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови .---------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатираше дека Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година(дивиденден календар) е полноправно усвоено од страна на имателите на акции.---------------------------------------------------------------------------------------------------------**

8.За осмата точка од дневниот ред- Разгледување Предлог-одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна

Претседавач Томе Волкановски _______ср______

понуда(корпоративна обврзница)(четврта емисија на обврзници) претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови .-----------------------------

**Претседавачот констатираше дека Одлуката за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда(корпоративна обврзница)(четврта емисија на обврзници)е полноправно усвоено од страна на имателите на акции.**-------------------

**9.** За деветтата точка од дневниот ред- Разгледување Извештај и оцена на работата на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје во 2025 година со Предлог-одлука за усвојување претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови -------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатираше дека Одлуката за усвојување на Извештај и оцена на работата на Членовите на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје во 2025 година е полноправно усвоена од страна на имателите на акции.**---------------------------------------------------------------------------------

10.За десеттата точка од дневниот ред-Разгледување Предлог-одлука за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје да учествуваат во работата на Собранието на акционери претседавачот Томе Волкановски констатираше дека за усвојување на истата согласно приложената документација гласале по пат на коресподенција претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 763.595 обични акции, и присутни акционери претставници на правни и физички лица акционери-иматели на 2.114 обични акции.Воздржани и против нема, што од вкупно иматели на 765.709 обични акции претставува 100 %,гласови .--------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатираше дека Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје да учествуваат во работата на Собранието на акционери е полноправно усвоено од страна на имателите на акции.**------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата заврши во 12.20(дванаесет часот и дваесетминути).------------------------------------------------

Составен дел од овој записник се: Одлуката од Надзорниот одбор за свикување на седницата на Собранието,список на верифицирани акционери кои гласале по пат на коресподенција заверен од претседавачот и нотарот, Извод од акционерска книга од ЦДХВ-електронски запис,и одлуки по материјалите согласно дневниот ред на седницата на Собранието.-------------------------------------------

Овој записник лично го составив и истиот е сочинет на четири страници на четири листа. Овој записник е составен во четири еднообразни примероци.Нотарска такса за ваков вид на дејствие не е предвидена.Нотарската награда според чл. 41 од Нотарската тарифа е пресметана во висина од 10.000,00 денари.-------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот е прочитан и потпишан од претседавачот
Претседавач Томе Волкановски ______ср_______

НОТАР
СИМОНА НИКОЛИЌ

ОДУ 106/26
02.04.2026(ден втори, месец април, година две илјади и дваесетишеста)

Јас, **НОТАР СИМОНА НИКОЛИЌ**
ул. Народен Фронт број 19а, лок 1, ТЦ Беверли Хилс
потврдувам дека е овој извод идентичен со изворникот.
Овој е извод - потполн -во извадок,
кон кого не се приложени-се приложени/преписи од прилогот на нотарската исправа
ОДУ број 106/2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СИМОНА
НИКОЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СИМОНА
НИКОЛИЌ
СКОПЈЕ